**Македонски Телеком АД - Скопје**

Во согласност со Законот за трговски друштва, Статутот на Македонски Телеком АД – Скопје (Друштвото), Предлогот на Одборот на директори за исплата на дивиденда на Друштвото за 2013 година (арх. бр. 55498/1 од 04.03.2014 година) и Одлуката на Собранието за распоредување на нето добивката на Друштвото за 2013 година (арх. бр. _____________ од 27.03.2014 година), Собранието на Друштвото, на својата годишна седница одржана на ден 27.03.2014 година, ја донесе следната:

# Предлог Одлука

## за исплата на дивиденда на Друштвото за 2013 година

### Член 1

Собранието на Друштвото ја одобрува исплатата на дивиденда за 2013 година во вкупен бруто износ од 2.716.252.939,00 денари (две милијарди, седумстотини и шестнаесет милиони, двеста педесет и две илјади и деветстотини триесет и девет денари), кој е целокупен износ од остварената нето добивка на Друштвото за 2013 година.

Бруто износот на дивиденда по акција е 31.490997549 денари (триесет и еден денар и четириесет и девет дени, заокружено на две децимали).

Друштвото, согласно важечката регулатива, од бруто износот на дивиденда:

(а) при исплатата на физичките лица ќе задржи и уплати данок на добивка и персонален данок на доход, и

(б) при исплатата на правни лица ќе задржи и уплати данок на добивка и данок по задршка каде што е применливо.

### Член 2

Датумот на евиденција според кој се определува листата на акционери кои имаат право на дивиденда за 2013 година е 10.04.2014 година.

### Член 3

Последен ден на тргување со право на дивиденда за 2013 година е 07.04.2014 година.

### Член 4

Прв ден на тргување без право на дивиденда за 2013 година е 08.04.2014 година.

### Член 5

Исплатата на дивиденда за 2013 година ќе се изврши во периодот помеѓу 23.04.2014 и 30.04.2014 година.

**Член 6**

Друштвото ќе ги информира акционерите во врска со деталите поврзани со исплатата на дивиденда, со соодветно известување во најмалку еден дневен весник кој излегува на целата територија на Република Македонија, на интернет страницата на Македонската берза на хартии од вредност како и на официјалната интернет страница на Друштвото.

**Член 7**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Собрание**
**Претседавач**